



Врз основа на член 59, 60, 61 и 63 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161 од 05.08.2019)

**ООУ„ЈОАКИМ КРЧОСКИ“ ВОЛКОВО, ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

објавува

# О Г Л А С

**за запишување ученици во прво одделение во учебната 2021/2022 година**

- Право на запишување во прво одделение имаат:
  - Сите деца кои се родени **2015 година** и кои до 31.12.2021 година ќе наполнат 6 години;
  - Дополнително деца родени до **31.01.2016 година** (по барање на родител и добиено мислење од психологот на училиштето).

  **Запишувањето на ученици во прво одделение трае во текот на месец мај 2021 година**, со лично доставување на пријавите и потребните документи во текот на месец мај, по претходно најавување преку **контакт телефон на училиштето.тел. 02/ 2053-117;**
- Родителите имаат можност и за **електронско пријавување, електронско поднесување документи на Е- uslugi.gov.mk, e-upisi.gov.mk**
- Постапката на запишување ја спроведува Комисија за запишување ученици во прво одделение.
- Уписот на учениците се реализира согласно здравствените протоколи за работа на училиштето.
- Потребни документи за упис:
  - **Извод од матична книга на родени за детето (фотокопија);**
  - **Лични карти од двајцата родители** / старатели, како доказ за местото на живеење (фотокопија);
  - **Лекарска потврда за примени задолжителни вакцини за детето** издадена од надлежна здравствена установа;
  - **Потврда за стоматолошки преглед издадена од стоматолог** од надлежна здравствена установа;
  - **Потврда од офталмолошки преглед** издадена од надлежна здравствена установа.

  **Имајќи ја во предвид светската пандемија предизвикана од вирусот Covid-19, родителите имаат можност потврдите за стоматолошки и офталмолошки преглед да ги достават најдоцна до 31.08.2021 година. (пред започнување на учебната 2021/2022 година)**
- Доколку детето посетувало градинка, родителот доставува:
  - Досие на детето што е издадено при испишување од градинката (најдоцна до 31.08.2021).
  - При запишувањето на детето со попреченост во прво одделение родителот/старателот е должен да достави мислење/функционален профил од комисијата за проценка на деца и младинци за дополнителна образовна, социјална и здравствена поддршка според МКФ.
  - Запишувањето на детето, на барање на родителот/старателот, здравствена установа може да го одложи за една година ако се утврди дека детето не е подготвено да оди на училиште.
  - За запишаните ученици училиштето истакнува список на огласната табла на училиштето и на веб страната на училиштето најдоцна до 15 јуни 2021 година.
  - Наставата се организира класично во две паралелки.
  - За учениците се обезбедени детски компјутери во наставата, бесплатен дневен престој, згрижување на децата половина час пред и по наставата, бесплатен автобуски превоз.
  - Покрај наставните активности, учениците се вклучуваат во вонаставни активности, посети на културни установи, музеј, театар, детски фестивали, согласно протоколите за работа.

**Скопје, 2021 година**

**Д и р е к т о р**
**Слаѓана Гаврилоска**





Ул. 102 бр.15 Волково / Тел. 02/2053-117
e-mail:jkvolkovo@yahoo.com / www.oujoakimkrcoski.edu.mk